Macedonian / Македонски

РЕФЕРЕНДУМ **2023**

**ПРОВЕРЕТЕ ГО ИЗВОРОТ НА ИНФОРМАЦИИ** за претстојниот референдум

# Застанете и размислете

За време на референдумот, може да наидете на информации кои не се поткрепени со докази, немаат контекст, па дури и намерно се погрешни. За да бидете добро информирани, бидете критични кога примате информации и размислете дали тие се точни и вистинити.

## Тактики за дезинформирање

Дезинформациите се свесно дадени лажни информации наменети за намерно да доведат во заблуда и да влијаат на јавното мислење, и тие не се шират сами по себе. Луѓето кои се обидуваат да шират дезинформации може да користат некои од следниве тактики за намерно да се обидат да ве доведат во заблуда:

### Само поставувајќи прашања

Луѓето може намерно да поставуваат прашања за да создадат сомнеж за нешто без да дадат никакви докази. Иако повеќето од поставените прашања се легитимни, пазете се од прашања поставени со лоша намера или за ситуации кои се многу неверојатни. Застанете и размислете зошто е поставено прашањето.

### Зборови со емоционален набој

Зборовите што предизвикуваат негативни емоции, како што се лутина или страв, може да го олеснат ширењето на содржината. Ако видите нешто што ќе ве натера да почувствувате силна емотивна реакција, застанете и размислете зошто.

### Селектирање

Селектирањето (cherry-picking) се јавува кога информациите се даваат без контекст, на пример, снимени кадри од екран (screenshots) или статистички податоци без наведување на оригиналниот извор.

## Вашата улога како гласач

Законите за референдум не ја регулираат вистината информациите кои се комуницираат или огласувањето. Одвојте време да размислите дали информациите се:

### Веродостојни

**Дали тие се од веродостоен или препознатлив извор?**

Дали го знаете изворот на информациите? Дали доаѓаат од акредитиран медиум или од официјална сметка на социјалните мрежи? Ако не сте сигурни, проверете дали сметката е новокреирана или дали на неа има други објави.

### Тековни

**Кога биле објавени?**

Само затоа што објавата или написот се споделени денес, не значи дека се актуелни. Секогаш проверувајте го оригиналниот извор и датумот на објавување. Старите објави/написи кои можеби повеќе не се точни може да се споделат за да изгледаат како нови информации.

## Улогата на AEC

AEC е независна агенција задолжена за спроведување на референдумот. Улогата на AEC е да:

### Обезбедува веродостојни информации за процесот на спроведување на референдумот

AEC ќе обезбеди лесен пристап до информации за тоа како да се пријавите или гласате преку нашата огласна кампања, веб-страница, центарот за контакти и сметки на социјалните медиуми. Доколку има неточни информации за овие процеси, AEC ќе дејствува за да се поправи тоа. Надвор од овие процеси, AEC нема никаква улога во проверката на веродостојноста на информациите за референдумот.

### Испитајте дали информациите за референдумот се одобрени

Одредени информации за референдумот мора да се одобрени за да ви се помогне да го идентификувате изворот на тие информации.

### „Yes“ и „No“ материјали за кампањата

Иако AEC е одговорна за издавање на брошурата за референдумот, која ќе содржи информации од официјалните „Yes“ и „No“ кампањи, AEC нема никаква улога во регулирањето на вистинитоста на овие информации.

aec.gov.au/translated 1300 720 139

AEC Australian Electoral Commission

AEC23/1804

Овластено од Началникот на изборната комисија, Canberra
Authorised by the Electoral Commissioner, Canberra